# ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЕК ВО ПОСЕТА НА ИПАРД ПРОЕКТИ

На ден 08.06.2011 година претставници од Директоратот за земјоделство при Европската Комисија во Брисел остварија работна посета во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Целта на оваа посета беше запознавање со условите за работа во обновените простории на Агенцијата.



Во вториот дел од посетата, претставниците од Директоратот за земјоделство од Европската Комисија, претставник на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија и Оперативната структура за ИПАРД посетија два успешно реализирани проекти од ИПАРД Програмата 2007-2013 од првиот јавен повик за ИПАРД 01/2009.




Посетата беше во реонот на Кавадарци.
Посетени беа винарска визба Пеца за успешно реализиран проект за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното и Фрутема ДООЕЛ од Кавадарци за инвестиција систем капка по капка и машина за редова обработка на овошките со хидраулична странична рака.



